Друштво за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ – ПАВЛЕСКА ДОО - Скопје
Ул. Св.Кирил и Методиј број 26Скопје,
тел/факс: 02/311-85-85
www.kprevizija.com.mk, kprevizija@gmail.com

# Извештај на независниот ревизор

Друштво за ревизија
КОЈЗАКЛИЕВ-ПАВЛЕСКА ДОО
Бр. 03 - 19
29.04 2022 год
СКОПЈЕ

## До Собранието на акционери наМЗТ Пумпи АД Скопје

Ние, Друштвото за ревизија Којзаклиев – Павлеска ДОО Скопје, извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на МЗТ Пумпи АД Скопје (во понатамошниот текст Друштвото), кои ги вклучуваат Извештајот за финансиската состојбасо состојба на 31 декември 2021 година, Извештајот за сеопфатна добивка за годината што завршува на 31 декември 2021, Извештајот за промените во капиталот и Извештајот за паричните текови за годината што завршува на тој датум, како и прегледот на значајните сметководствени политики и останатите белешки кон финансиските извештаи.

## Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективно презентирање на овие Финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонијаи интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

## Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да дадеме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Македонија[1].Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањата на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. При тоа ние ја разгледавме интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да ги обликуваме ревизорските постапки кои што се соодветни во околностите, но не за цел да изразиме мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. (продолжува)

[1]Меѓународнистандардизаревизија („МСР“) издадениодстрананаОдборотзамеѓународнистандардизаревизија и уверување („ОМСРУ“),коистапијанасилана 15 декември 2009 година,преведени и објавенивоСлужбенвесникнаРепубликаМакедонијаброј 79 од 2010 година

Друштво за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ – ПАВЛЕСКА ДОО - Скопје
Ул. Св.Кирил и Методиј број 26Скопје,
тел/факс: 02/311-85-85
www.kprevizija.com.mk, kprevizija@gmail.com

**До Собранието на акционери наМЗТ Пумпи АД Скопје**

**Одговорност на ревизорот (продолжение)**

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**Ревизорско мислење**

Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на МЗТ ПумпиАД Скопје на ден 31 декември 2021 година, како и резултатот од неговото работење, промените во капиталот и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија.

**Нагласување на прашања**

Како што е презентирано во Белешка 2.1.во финансиските извештаи на Друштвото со состојба на и за годината што завршила на 31.12.2021 година, се подготвени врз основа на претпоставката за неограничен континуитет во деловното работење на Друштвото. Со состојба на 31 декември 2021 вкупните тековните обврски ги надминуваат вкупните тековни средства.
Раководството на Друштвото оценува дека претпоставката за континуитет применет при подготовка на овие финансиски извештаи е соодветнаимајќи ги предвид: идните ефектите од планираниот зголемен обем на производство и план на продажба за наредната година,присутноста на постојана банкарска подршка врз основа на дадена хипотека на недвижен имот и залог на опремата,како и намерата на доминантниот акционер, изразена во своето необврзувачко писмо, да продолжи со подршката на Друштвото во период не пократок од 12 месециод датумот на писмото.
Овие финансиски извештаи не ги земаат во предвид корекциите и рекласификациите на евидентираните износи на средствата и обврските кои што би биле неопходни доколку Друштвото не би продолжило со своите деловни активностиво неограничена иднина.

Нашето мислење не е модификувано во однос на горе наведените прашања во пасусот нагласување на прашања.

**До Собранието на акционери наМЗТ Пумпи АД Скопје**

**Извештај за други правни и регулаторни барања**

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за подготвувањето на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2021 година во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва.

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на Годишниот извештај за работењето со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2021.

Според наше мислење, информациите обелоденети во Годишниот извештај за работењето на Друштвото, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со годишната сметка на Друштвото и ревидираните финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2021.

Скопје, 29април 2022 година

Овластен ревизор
Јорданчо Којзаклиев

Друштво за ревизија
Којзаклиев – Павлеска ДОО
Скопје

Друштво за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ -ПАВЛЕСКА ДОО Скопје